Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме....2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство....3

Број на работници во индустријата....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите....5

Инфлација....6

Берзански цени.... 7

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз....8

Увоз....9

Салдо на трговска размена....10

Валутна структура....10

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација.... 11

Приходи по буџетски корисници....12

Буџетски расходи според економската класификација....13

Расходи по буџетски корисници....14

Буџетско салдо.. ....16

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....17

Плати....18

Пензии....18

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари....19

Депозитен потенцијал....20

Кредити на банките....21

Каматни стапки на депозитни банки....22

Пазар на капитал....22

Девизни резерви....22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2020 година

- Индустриското производство во јануари 2020 година забележа раст од 0,3% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јануари 2020 година се зголемија за 0,6% во однос на јануари 2019 година, по растот од 0,4% во декември 2019 година.
- Во јануари 2019 година извозот забележа раст од 10,1%, а увозот раст од 0,5%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 25,3%, споредено со истиот месец од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2020 година изнесуваа 15.603 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на јануари 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 16.816 милиони денари, односно 2,3% од БДП, што е за 7,6% повеќе во однос на јануари 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во јануари 2020 година се зголемија за 6,8% во споредба со јануари 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јануари 2020 година забележа раст од 0,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот главно се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија со раст од 4,6% и придонес од 3,5 п.п., како и во секторот Рударство и вадење на камен од 9,4% и придонес од 1,1 п.п., а е ублажен со падот во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 15,8% и негативен придонес од 1,9 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во јануари 2020 година бележат 20 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 66,3% во структурата на вкупното производство, што укажува на тоа дека раст главно бележат гранките со пониско учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на моторни возила од 10,2% и придонес во вкупното производство од 1,3 п.п., производството на фабрикувани метални производи од 26,6% и придонес од 0,6 п.п., како и производството на компјутерски, електронски и оптички производи од 55,4% и придонес од 0,3 п.п.. Од традиционалните гранки, раст е забележан во

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Вадење на други руди и камен
2 - Печатење и продукција на снимени медиуми (записи)
3 - Производство на други неметални минерални производи
4 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
5 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси

Извор: ДЗС.

прехранбената индустрија од 9,0% и придонес од 0,8 п.п., и кај производството на облека од 6,1% и придонес од 0,5 п.п.. Гранка со најголем придонес во растот е вадењето на други руди и камен со 2,1 п.п. и стапка на раст од 116,5%.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во поглед на поделбата според наменски групи, растот се должи главно на зголеменото производство кај Интермедијарните производи, освен енергија од 14,9% и придонес од 4,2 п.п., а поддржан е со растот кај Нетрајните производи за широка потрошувачка од 6,0% и придонес од 1,9 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2020 година е намален за 3,2%. Падот се должи на намалениот број на работници во сите сектори, и тоа Преработувачка индустрија од 3,5%, Рударство и вадење на камен од 1,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,6%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај групата Капитални производи од 1,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2020 година е поповолна споредено со декември 2019 година, како и во однос на истиот месец од 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 71,1%, што претставува раст во однос на претходниот месец, кога изнесувало 70,9%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,9 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,6%, недоволната странска побарувачка со 17,5%, недоволната домашна побарувачка со 14,9%, неизвесното економско окружување со 12,5%, недостигот на суровини со 8,0% и финансиските проблеми со 6,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2020 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни во однос на декември 2019 година, а залихите на готови производи на месечна основа се непроменети.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2020 година издадени се вкупно 264 одобренија за градење и споредено со јануари 2019 година бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 14,0%. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 7,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2020 година бележи годишен пад од 15,9%, додека споредено со декември 2019 година бележи пад за 1,4%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 147 (или 55,7%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 15,9%) за објекти од нискоградба и 75 (или 28,4%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 264 издадени одобренија за градба, на 136 објекти (или 51,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 128 објекти (или 48,5%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јануари 2020)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2020 година предвидена е изградба на 571 стан, со вкупна корисна

површина од 47.841 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е зголемен за 35,0%, а на годишна основа бележи пад од 29,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2020 година се зголемија за 0,6% во однос на јануари 2019 година, по растот од 0,4% во декември 2019 година.

Во јануари 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 0,3% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јануари 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,0% следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 3,3%, Рекреација и култура и Ресторани и хотели од по 1,0%, Разновидни стоки и услуги од 0,9%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,7%, Здравје од 0,3% и Образование од 0,2%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во јануари 2020 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 2,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3% и Комуникации од 0,2%.

Потрошувачките цени во јануари 2020 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Разновидни стоки и услуги од по 0,9%, Ресторани и хотели од 0,3%, Храна и безалкохолни пијалаци и Транспорт од по 0,2% и Комуникации од 0,1%. Намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Облека и обувки од 1,2% и Рекреација и култура од 0,2%, додека цените во преостанатите категории останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Цените на мало во јануари 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,6%, а на месечна основа регистрираа раст од 0,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2020 година споредено со декември 2019 година опадна за 3,4% и изнесува 63,6 долари за барел. Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на нафтата се зголеми за 7,3%. Цената на природниот гас во јануари 2020 година на месечна основа е намалена за 13,0%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во јануари 2020 година се тргуваше со просечна цена од 13.507 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечен пад на цената од 2,3%. На годишна основа, цената на никелот порасна за 17,2%.

Покрај никелот, намалување на цената во јануари 2020 година во однос на декември 2019 година забележаа и бакарот и калајот, за 0,8% и 0,7%, соодветно. Останатите основни метали во јануари бележат раст на цената на месечна основа. Така, цената на цинкот се зголеми за 3,6%, на оловото за 1,2% и на алуминиумот за 0,1%. Во јануари 2020 година, железната руда бележи раст на цената од 3,4% на месечно ниво.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цените на благородните метали во јануари 2020 година споредено со претходниот месец исто така се зголемија. Така, цената на платината порасна за 6,8%, на златото за 5,5% и на среброто за 4,9%.

Цената на пченицата и пченката на светските берзи во јануари 2020 година во однос на декември 2019 година се зголемија за 6,4% и 2,9%, соодветно.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во јануари 2020 година изнесува 1.029,9 милиони евра и бележи раст од 4,5% во однос на јануари претходната година.

Во јануари 2020 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 69,4%, што претставува намалување за 1,5 п.п. во однос на јануари 2019 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Во јануари 2020 година вредноста на извезените стоки изнесува 457,2 милиона евра и бележи раст од 10,1% (41,9 милиони евра) во однос на јануари претходната година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 32,9%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2020 година извозот бележи пад од 9,3% (46,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 1,6%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2020 година се: железо и челик, хемиски материи и производи, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,1% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

групации на земјите, во јануари 2020 година споредено со истиот месец од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ28, ЕФТА, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацификчкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 8,0% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 19,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 83,3% и 8,8% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во јануари 2020 година изнесува 572,8 милиони евра и бележи раст од 0,5% (2,7 милиони евра) во однос на јануари 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 26,9%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2020 година увозот бележи пад од 27,7% (219,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 4,0%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,1 | 3,9 | 2,8 | 249,1 |
| Мил. ЕУР | 88,8 | 85,9 | -3,0 | -3,3 |
| Мил.$ | 101,4 | 95,3 | -6,1 | -6,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,0 | 2,4 | 0,3 | 16,5 |
| Мил. ЕУР | 16,6 | 16,6 | 0,0 | 0,0 |
| Мил.$ | 18,9 | 18,4 | -0,5 | -2,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 35,8 | 65,2 | 29,5 | 82,3 |
| Мил. ЕУР | 27,9 | 50,0 | 22,1 | 79,4 |
| Мил.$ | 31,8 | 55,5 | 23,7 | 74,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 49,1 | 81,5 | 32,3 | 65,9 |
| Мил. ЕУР | 25,9 | 35,3 | 9,4 | 36,2 |
| Мил.$ | 29,6 | 39,2 | 9,6 | 32,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,6 | 5,8 | 0,2 | 3,3 |
| Мил. ЕУР | 63,3 | 76,8 | 13,5 | 21,4 |
| Мил.$ | 72,2 | 85,2 | 13,0 | 18,0 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2019 | I - 2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,7 | 4,7 | 1,0 | 26,6 |
| Мил. ЕУР | 47,1 | 59,3 | 12,3 | 26,1 |
| Мил.$ | 53,7 | 65,8 | 12,1 | 22,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 25,3% односно 39,2 милиона евра споредено со јануари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалување на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон проширувањето на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка и транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2020 година 83,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Грција, Русија, Јужна Африка, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Холандија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 86,5% од трговската размена во јануари 2020 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2019 година претставува зголемување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,2% и 82,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,7 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 3,4 п.п. во однос на јануари 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2019 | | | | | I - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 275,3 | 452.241.340 | 61,5061 | 27.815.601.059 | 79,4 | 322,4 | 474.217.502 | 61,5375 | 29.182.159.517 | 82,8 | 21.976.162 | 4,9 |
| УСД | 125,0 | 127.263.857 | 53,8762 | 6.856.492.993 | 19,6 | 186,3 | 102.311.585 | 55,4065 | 5.668.726.817 | 16,1 | -24.952.272 | -19,6 |
| ГБП | 0,4 | 1.915.797 | 69,3402 | 132.841.768 | 0,4 | 0,4 | 1.530.449 | 72,4555 | 110.889.452 | 0,3 | -385.348 | -20,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 400,7 | | | 34.804.935.819 | 99,0 | 509,1 | | | 34.961.775.785 | 99,2 | | |
| вк извоз: | 401,6 | | | 35.037.732.789 | 100,0 | 510,0 | | | 35.248.370.415 | 100,0 | | 0,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2020 година изнесуваа 15.603 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на јануари 2019 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 9.105 милиони денари и во однос на истиот месец од 2019 година се зголемени за 6,5%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.424 милиони денари, што претставува зголемување од 6,2% во однос на јануари 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 48,6%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 6.959 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 2.535 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 8,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 13,5% споредено со јануари 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 10,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 6,6%.

Акцизите се остварени во износ од 1.976 милиони денари (учество од 21,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,6% во споредба со јануари 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 6.400 милиони денари, што претставува 70,3%, односно повеќе од 2/3 од вкупните даночни приходи во јануари 2019 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 1.404 милиони денари и бележат раст од 19,6% на годишна основа, при што 65,3% од личниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,8% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело и 5,1% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овој месец изнесуваа 701 милион денари и забележаа помало остварување за 16,6% во однос на истиот месец претходната

година, при што намалување се забележува и кај месечните аконтации (18,7%) и кај даночните биланси.

Приходите од царина се остварени во износ од 551 милион денари и забележаа зголемување од 21,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 49 милиони денари забележаа зголемено остварување за 19,5% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 4.787 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 19,3% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 18,6% и кај придонесите за вработување за 17,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 1.031 милион денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 47,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 279 милиони денари, што е повеќе од двојно зголемување во однос на јануари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 299 милиони денари и се зголемени за 62,5% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во јануари 2020 година изнесуваат 19.362 милиона денари, односно 95,8% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 10,0% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладува приливот на средства по основ на домашно задолжување во износ од 9.455 милиони денари и претставува 48,8% од вкупните приходи и приливи. Даночните приходи во јануари изнесуваат 8.986 милиони денари, што претставува 46,4% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

---

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 167 милиони денари, односно 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (78,0%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност како буџетски корисник оствари приходи во износ од 152 милиона денари, што претставува 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари 2020 година)*




Извор: МФ.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 2,6% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во јануари 2020 година оствари приходи во износ од 5.782 милиона денари, што претставува 7,5% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 2.364 милиони денари, односно 6,9% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 201 милион денари, што претставува 6,0% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 16.816 милиони денари, односно 2,3% од БДП, што е за 7,6% повеќе во однос на јануари 2019 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 16.419 милиони денари учествуваа со 97,6% и се зголемени за 7,0% во однос на јануари 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 2.424 милиони денари што претставува зголемување за 10,0% во однос на јануари претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,4%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 1.017 милиони денари и споредено со јануари 2019 година забележаа зголемување од 7,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 11.608 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,3% споредено со јануари 2019 година и истите учествуваа со 69,0% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 8.794 милиони денари, забележаа зголемување од 1,0% и учествуваа со 52,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 5.519 милиони денари, што е зголемување за 1,8% споредено со истиот месец 2019 година и учествуваат со 32,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,8%, односно се зголемија за 29,8% и се реализирани во износ од 2.586 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.567 милиони денари забележаа зголемување од 14,0% во споредба со јануари претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 823 милиони денари што е речиси двојно повеќе споредено со истиот месец минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.370 милиони денари, што е за 0,3% помалку во споредба со јануари 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 0,7%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 0,6%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 397 милиони денари со структурно учество од 2,4% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 40,8% во споредба со јануари 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 84,7% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во јануари 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 10.534 милиони денари, што претставува 18,0% од

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во

годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 91,2% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 9.610 милиони денари, односно 22,3% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 4,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 512 милиона денари или 6,2% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во јануари реализираше 3.747 милиони денари или 7,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 2.597 милиони денари или 7,7% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 23,3% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 8,3% (875 милиони денари) од планираните за 2020 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во јануари 2020 година изврши буџетски средства во износ од 1.812 милиона денари, што е 6,8% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (73,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.329 милиони денари или 8,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 299 милиони денари, односно 7,6% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во јануари, од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 824 милиони денари, што претставува 7,0% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 78,6%, за што се потрошени 648 милиони денари или 8,0% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,0%, за што се реализирани 132 милиона денари или 6,3% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првиот месец од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 537 милиони денари, што е 5,3% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,8%, за што се

капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

реализирани 332 милиона денари, што претставува 8,1% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,6% во вкупните расходи, за што во јануари се потрошени 116 милиони денари, односно 4,4% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во јануари 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 427 милиони денари, што е 6,0% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 85,2%, за што се потрошени 364 милиони денари или 14,1% од средствата наменети за тековната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 412 милиона денари, што претставува 5,5% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 93,8% во вкупните расходи, реализирани се 6,0% од планираните средства или 387 милиони денари.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 109 милиони денари, односно 2,5% од планираните за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 47 милиони денари (1,7%) и учествуваа со 43,4% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во јануари реализираше средства во износ од 66 милиони денари, што е 1,1% од вкупниот буџет за тековната година. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 58,3% и за оваа намена извршени се средства во износ од 39 милиони денари, односно 5,7% од планираното. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 0,3% од предвиденото (15 милиони денари), а учествуваат со 22,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во јануари 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 1.213 милиони денари, што претставува 0,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 824 милиони денари односно претставува 0,1% од БДП.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување

Во јануари 2020 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 17.485 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е повисок за 15,2% во однос на јануари 2019 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новоработени, 41,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јануари 2020 година, 15,6% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јануари 2020 година изнесува 190.948, од кои 104.409 се активни баратели на работа, а 86.539 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 1,7%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (62,9%) се градско население, а според половата структура 51,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 65,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 10,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2019 година оствари годишен раст од 4,1%, идентично како и во однос на претходниот месец. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (12,4%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (12,0%) и Градежништво (11,9%). Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 3,7%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2019 година оствари годишен раст од 5,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 4,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (14,3%), Градежништво (13,1%) и Објекти за сме сместување и сервисни дејности со храна (13,1%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,5%.

## Пензии

Во јануари 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 321.331 пензионер, што претставува зголемување од 2,0% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.373 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,0% се корисници на старосна пензија, 23,4% се корисници на семејна пензија и 10,6% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ПИОСМ.

Просечната пензија во јануари 2020 година изнесува 15.274 денари и е за 6,0% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,3%.

Просечната старосна пензија во јануари изнесува 16.542 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.863 денари, а просечната семејна пензија 12.339 денари. За исплата на пензиите во јануари 2020 година се потрошени 4.646 милиони денари, што претставува 52,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( јануари 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во јануари 2020 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п., односно од 2,25% на 2,0%. Одлуката за намалување на каматната стапка се темели на постојаните поволни движења на девизниот пазар, што доведе до поголем раст на девизните резерви од очекуваниот, што пак, упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти. Истовремено, тековните движења укажуваат на умерен раст на домашните цени, а со тоа и отсуство на ценовни притисоци.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во јануари 2020 година, примарните пари[4] регистрираа пад од 8,2%, споредено со јануари 2019 година. Ваквиот пад на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 23,0%, додека готовите пари во оптег регистрираа раст од 8,0%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).




MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 18,8%, што се должи пред се на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 32,5%, како и намалувањето на готовите пари во оптек за 3,5%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во јануари 2020 година регистрираа пад од 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 4,8%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,1%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во јануари 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 2,8%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,8%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2020 година оствари раст од 9,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 11,7% и 5,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 11,8% и 8,5%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,8%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 6,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,4%

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***406.738*** | **-1,0%** | **9,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *245.752* | *-2,8%* | *11,7%* |
| *Странска валута* | *160.986* | *1,8%* | *5,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *173.565* | *2,6%* | *4,8%* |
| *Долгорочни* | *110.402* | *-0,1%* | *6,6%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***341249*** | **0,0%** | **6,8%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *199.434* | *0,0%* | *5,2%* |
| *Странска валута* | *141.815* | *-0,1%* | *9,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.955* | *0,6%* | *0,2%* |
| *Долгорочни* | *262.996* | *-0,3%* | *9,6%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.906* | *1,1%* | *-5,9%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јануари 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор останаа непроменети (регистрираа незначително намалување од 0,04%) во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,7%, додека кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во јануари 2020 година, на месечно ниво денарските депозити останаа непроменети, а девизните кредити се намалија за 0,1%.

На годишна основа, во јануари 2020 година вкупните кредити се зголемија за 6,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,6% и раст на кредитите кон претпријатијата од 3,2%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,2%, а кредитите во странска валута за 9,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,6%, а краткорочните кредити се зголемија за 0,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,93%. Каматната стапка на денарските и девизните кредити се намали за по 0,02 п.п и изнесува 5,35% и 4,43%, соодветно.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари 2020 година изнесува 1,20% и е намалена за 0,06 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,08 п.п. и изнесува 1,63%, а каматната стапка на девизните депозити на месечно ниво се намали за 0,04 п.п. и изнесува 0,71%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јануари 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше намалување од 24,0% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 69,4%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 4,8%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2020 година изнесуваше 498,6 милиони денари и истиот е зголемен за 1,9% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2020 година изнесуваше 4.919,86 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 5,8%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 36,0%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2020 година изнесуваа 3.100,59 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 5,0%, а во однос на јануари 2019 година регистрираа раст од 7,8%.